ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2023 07 02/1

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Прилеп, на сметката на основен буџет (630), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Прилеп, сметка на основен буџет (630), за 2015 година, во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Прилеп и утврди дека од дадените шест препораки ниту една препорака не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Прилеп, сметка на основен буџет (630) за 2022 година, утврдени се следниве состојби:

- поради не утврден основ за постоење и можност за наплата побарувањата се нереално и необјективно искажани;
- во буџетот на општината за 2022 година, уплатени се помалку средства по основ на надоместоци за одржување на јавна чистота и урбано зеленило и комунална такса за користење простор за паркирање;
- слабости во постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во однос на непочитување на законски пропишани рокови;
- неправилности во постапките за издавање одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор, поставување на рекламни паноа и издавање под закуп на општински имот;
- советот на општината нема донесено програма за активностите од областа на локалниот економски развој, образование, спорт и спортски манифестации, поддршка на здруженија на граѓани и граѓански организации, социјална и здравствена заштита, програма за јавна чистота, подигање и одржување на јавно зеленило и програма за родова еднаквост;
- отсуствува граѓанското учество како право во одлуките за креирање и реализирање на буџетот и транспарентност во јавното информирање и
- нефункционирање на внатрешната ревизија.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакнува системските слабости во

законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат на:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ и
- состојбата на регистарот на недвижности не е усогласена со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од одговорното лице на Општина Прилеп не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 16-184/10 од 11.09.2023 година.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 15 |
| 5. | Останати прашања | 15 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 18 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 18 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 18 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 19 |
| 10. | Корекции во текот на ревизијата | 20 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 21 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 22 |
| Биланс на состојба | | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 24 |
| Сметководствени политики | | 25 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 28 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓани |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈП за ПУП | Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| НВО | Невладини организации |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-184/15
Дата: 20.10.2023

## 1. Вовед

Општина Прилеп е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа општината Прилеп ги опфаќа селата:Алинци, Беловодица, Беровци, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Веселчани, Витолиште, Волково, Врпско, Галичани, Голем Радобил, Големо Коњари, Гуѓаково, Дабница, Дрен, Дуње, Ерековци, Живово, Загорани, Кадино Село, Кален, Канатларци, Клепач, Кокре, Крушевица, Крстец, Леништа, Лопатица, Мажучиште, Мал Радобил, Мало Коњари, Мало Рувци, Манастир, Марул, Никодин, Ново Лагово, Ореовец, Пештани, Плетвар, Подмол, Полчиште, Прилепец, Присад, Ракле, Селце, Смолани, Старо Лагово, Топлица, Тројаци, Тополчани, Тројкрсти, Царевиќ, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци и Штавица.

Општина Прилеп, согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, противпожарна заштита на подрачјето на Општина Прилеп, надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

Општина Прилеп, во рамките на Законот за локална самоуправа, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Определувањето на работите, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот.

[1] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „ Сл. Весник на Република Македонија" бр. 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 22 и 23 на Општина Прилеп, на сметката на основен буџет (630), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Прилеп за 2022 година на сметката на основен буџет (630) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Прилеп на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (630), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Прилеп за 2022 година, на сметката на основен буџет (630), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во сметководствената евиденција на Општина Прилеп на 31.12.2022 година искажани се побарувања во вкупен износ од 141.215 илјади денари. Структурата на побарувањата е прикажана на следниот график.




Од вкупните побарувања 31,67% се побарувања по основ на данок на имот, 43,29% се побарувања по основ на даноци на специфични услуги, односно комунални такси за фирма, односно назив на деловна просторија, за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, користење музика во јавните локали и надоместок за уредување на градежно земјиште, 15,15% побарување по основ на надоместок за Б-интегрирана еколошка дозвола и надоместок за одржување на јавна чистота и јавно зеленило, 1,18% за закупнина од општински имот, 0,41% за присилно уривање на бесправно изградени објекти и 8,30% сомнителни и спорни побарувања.

Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- по основ на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и закупнина од општински имот, ненаплатени се побарувања во износ од 16.213 илјади денари од правни лица и самостојни вршители на дејност кои се избришани од евиденција во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија. Состојбата е констатирана во извештајот на пописната комисија со предлог за отпис поради не постоење можност за нивна наплата. Општината не презела активности за реално согледување на основот на наведените побарувања

и постапување по предлогот на пописната комисија. Ваквата состојба не е во согласност со член 2 став 1, член 7 став 2 и член 12 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[3] и придонесува за нереално искажување на состојбата на побарувањата во сметководствената евиденција и во Билансот на состојба;

- ненаплатени се побарувања во износ од 1.715 илјади денари за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, закупнина на општински имот и присилно уривање на бесправно изградени објекти, поради истекување на важноста на договорите и роковите за наплата, а општината не презела активности за наплата согласно член 360 и 364 од Законот за облигационите односи и член 84 и 85 од Законот за даноците на имот, каде е уредено правото на утврдување и наплата;
- општината при наплата на даноците на имот не пресметува и наплатува камата за износот на данокот на имот кој не е платен во пропишаниот рок, што не е во согласност со член 79 од Законот за даноците на имот;
- евидентираниот износ од 11.722 илјади денари на сомнителни и спорни побарувања се однесува за побарувања по основ на данок на имот од физички и правни лица и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија за период од 2005 - 2018 година, за кои општината нема вршено присилна наплата и преземено мерки за нивна наплата согласно член 16 од Законот за комуналните такси[4], член 53 и член 73 од Законот за даноците на имот.

Структурата на ризични побарувања во вкупните побарувања е прикажана на следниот график.

[3] "Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21

[4] "Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 151/21)




Ваквото постапување има влијание на реалното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи, а не преземените мерки за навремена наплата има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на општината, што не е во согласност со одредбите на член 37-б од Законот за буџетите[5].

**Препорака:**

Градоначалникот на општината и надлежните служби да преземат мерки и активности во насока на реално утврдување на основот на постоење на побарувањата и можност за нивна наплата.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Врз основа на Одлука за согласност за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота и јавно зеленило[6], ЈКП „Комуналец“ Прилеп врши наплата на надоместок за одржување на јавна чистота и јавно зеленило преку доставување на сметки за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката на извршените услуги. Согласно член 25 од Законот за јавна чистота и член 26 од Законот за комуналните дејности, средствата собрани од надоместокот се

[5] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21.
[6] Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги број 07-1456/34 од 27.03.2006 година и Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместокот и начинот на плаќање на комуналните услуги број 09-3457/32 од 28.09.2022 година

приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на Програмата за јавна чистота и подигање и одржување на јавно зеленило.

Со ревизијата констатиравме дека јавното претпријатие не врши редовна и целосна уплата на средствата од надоместокот за одржување на јавна чистота и јавно зеленило на сметката на буџетот на општината, поради што се доведува во прашање континуираната реализација на програмските активности. Во 2022 година, иако по овој основ претпријатието има наплатено 11.122 илјади денари од корисниците на услуги, на сметката на општината има уплатено 1.022 илјади денари или 9,19 % од наплатениот надоместок.

Не преземените активности за навремена наплата на побарувањата по основ на надоместок за одржување на јавна чистота и јавно зеленило има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Прилеп кои заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 21.902 илјади денари.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за редовна месечна уплата на наплатениот надомест за одржување на јавна чистота и јавното зеленило на сметката на буџетот на општината.

3.2.2. Организацијата, одредувањето услови, начинот на паркирање и наплата на јавните паркиралишта, во општината се спроведува врз основа на Одлука[7] донесена од Советот на Општина Прилеп. Согласно член 5 од Одлуката, организацијата и наплатата на јавните паркиралишта ги врши по пат на делегирана надлежност Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови Прилеп. Средствата собрани од наплатата за паркирање се наменети за одржување на постоечките и уредување на нови паркинг места како и развој на дејноста паркирање со цел подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Во буџетот за 2022 година, по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на територијата на Општина Прилеп не се остварени приходи, а истите се планирани во износ од 1.200 илјади денари.

Со ревизијата констатиравме дека јавното претпријатие кое стопанисува со паркинзите на подрачјето на општината, не врши уплата на наплатената комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на сметка на буџетот на општината, поради што се доведува во прашање континуираната реализација на програмските активности и намената на

[7] Одлука за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање број 07-402/9 од 08.02.2008 година и Одлука за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање и преместување и чување на возила на подрачјето на општина Прилеп број 07-140/21 од 18.01.2008 година

нивно користење за одржување на постоечките и уредување на нови паркинг места.

Во 2022 година, иако претпријатието по овој основ има наплатено 8.223 илјади денари од корисниците на услуги, на сметката на општината не ја уплатила обврската од 822 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за комуналните такси и тарифниот број 8 од Тарифата за комунални такси, со кои е утврдено дека правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг просторот врши наплата на таксата и ја уплатува на сметка на општината.

Зголемувањето на побарувањата по години за период од 2017 до 2022 година е прикажана во следниот график:




Непреземените активности за навремена наплата на побарувањата по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила од јавното претпријатие има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Прилеп кои заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 5.579 илјади денари.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности за редовна месечна уплата на наплатената комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на сметката на буџетот на општината.

3.2.3. Со Законот за постапување со бесправно изградени објекти[8] се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Постапката започнува со поднесување на барање од страна на имателот до единицата на локалната

[8] Сл. весник на Република Македонија бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Сл. весник на Република Северна Македонија бр, 174/21

самоуправа на чие подрачје објектот е изграден. Во Општина Прилеп, согласно измените на Законот во рок се поднесени вкупно 20.515 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, од кои 10.533 се решени, 6.000 одбиени и 3.982 барања се во постапка.

Статусот на поднесените барања е прикажан во следниот графикон.




Во 2022 година, Општина Прилеп по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти остварила приходи во износ од 2.930 илјада денари.

Со извршените детални тестирања на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, за предмети спроведени во 2022 година, констатиравме одредени состојби кои упатуваат на не почитување на законските одредби и тоа:

- Законски пропишаните рокови не се почитуваат при: донесување на заклучок за прекин на постапката, урбанистичка согласност, заклучок за плаќање на надоместокот и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, дефинирани со одредбите од член 10 став 1, 20 став 1 и 21 став 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Не почитувањето на роковите за постапување од страна на одговорните лица во општината, доведува до ненавремено информирање на барателите за дополнување на документацијата, пролонгирање на постапките и неможност на сопствениците навремено да го впишат имотот во Агенцијата за катастар на недвижности.
- Средствата остварени од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, единиците на локалната самоуправа се должни да ги користат наменски за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Општината нема постапено согласно член 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно нема подготвено и доставено годишен извештај до Министерството за транспорт и врски за користењето на средствата по овој основ, што влијае врз транспарентноста и отчетноста за нивното наменско користење.

- Во сметководствената евиденција по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти евидентирана е претплата во износ од 3.858 илјади денари од 239 физички и правни лица за кои од Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина не се доставени заклучоци за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, што не е во согласност со одредбите на член 2 став 1 и член 4 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалното прикажување на побарувањата и изворите на приходи во финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот и надлежните служби во општината да преземат контролни мерки и активности за спроведување на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти согласно законските одредби во однос на:

- почитување на законски предвидените рокови при постапување;
- доставување годишен извештај до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и
- водење на сметководствената евиденција согласно прифатените сметководствени принципи, практики и стандарди.

3.2.4. По основ на комуналната такса за користење простор пред деловни простории за вршење на дејност за 2022 година, остварени се приходи од 1.492 илјади денари или 30% од планираните.

Утврдувањето и наплатата на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност, општината ја администрира врз основа на Одлука[9] за утврдување на висината на комуналните такси, донесена од Совет на Општина Прилеп. Условите, начинот и постапката за поставување на урбана опрема и издавање на одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на општината, се спроведува врз основа на донесена Програма[10] од страна на Советот на општината. Со програмата се

[9] Број 07-752/2 од 20.05.2005 година и Измени и дополнување на Одлуката („Службен гласник“ број 03/07, 25/07, 02/09, 08/09, 01/10, 03/18, 8/18, 05/20 и 08/20)

[10] Одлука за утврдување на потреба за постапување на урбана опрема и условите, начинот и постапката за поставување на урбана опрема број 09-3157/18 од 25.12.2020 година и Програма за измена и

утврдува дека поставување на урбана опрема се врши врз основа на издадено одобрение на заинтересираниот субјект по поднесено барање до градоначалникот, кон кое се приложува и геодетски елаборат со нумерички податоци за дел од предметната градежна парцела.

Надлежниот орган, односно Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, врз основа на основано комплетно барање, во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот врши увид на лице место и изготвува графички приказ на површината која може да се користи, со утврдени максимални мерки на просторот на кој може да се постави урбаната опрема. Доколку барањето е некомплетно, надлежниот орган ќе побара од барателот барањето да се дополни со потребната документација во согласност со одредбите на законските прописи и општите и посебни критериуми утврдени во Програмата за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема, и по негово дополнување се изготвува одобрение за поставување на урбана опрема.

Од извршениот увид во документацијата поврзана со начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Прилеп, ревизијата утврди дека барањата се доставувани без приложени геодетски елаборати. Општината наместо да побара од барателот да го дополни барањето, доставува налог во име на барателот до Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови Прилеп за изработка на графички прилози-скици за извод за утврдување на просторот за потребите на постапките за издавање на одобренија за поставување на урбана опрема на јавни уредени површини. За изработените графички прилози-скици, ЈП за ПУП Прилеп наплатува надоместок од општината, според Ценовник[11] на услуги за изработка на урбанистичка и друга техничка документација за потребите на општина Прилеп и Договор[12] склучен помеѓу општината и јавното претпријатие.

Ваквиот начин на водење на постапката за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, не е во согласност со одредбите на член 6-10 од Програмата за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и условите начинот и постапката за поставување на урбана опрема, овозможува несоодветно потрошени средства, а за просторот пред деловните објекти кој не

---

дополнување на Програмата за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп број 09-1050/22 од 23.04.2021 година

[11] Ценовник на услуги за изработка на урбанистичка и друга техничка документација , усвоен со Одлука број 09-4376/24 од 26.12.2019 година,

[12] Договор за изработка на графички прилози-скици за извод за утврдување на просторот за потребите на постапките за издавање на одобренија за поставување на урбана опрема на јавни уредени површини број 03-109/1 од 12.01.2022 година

ги исполнува условите да се издаде одобрение за поставување на урбана опрема.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности да се постапува согласно условите, начинот и постапката утврдени со Програмата донесена од Советот на општината при издавање на одобрение за поставување на урбана опрема.

3.2.5. Во 2022 година по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, реализирани се приходи од 431 илјада денари, или 43% од планираните.

Начинот и постапката со технички карактеристики за поставување на урбана опрема-рекламни самостоечки паноа на сообраќајни површини на општински патишта и улици на подрачјето на Општина Прилеп, се спроведува врз основа на Програма[13] донесена од Совет на Општина Прилеп за период од 2019-2023 година и Одлука[14] со која е утврдена висината на надоместокот за поставување на рекламни паноа на локации предвидени во 3 пакети. Просторот за поставување на рекламните паноа се издава под закуп по пат на јавен оглас со прибирање на писмени понуди преку јавно наддавање, а постапката за избор на најповолен понудувач ја спроведува комисија формирана од градоначалникот. Со најповолниот понудувач, градоначалникот склучува договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации за период од четири години, со обврска закупецот да започне со користење на рекламниот простор, локација во рок од 30 (триесет) дена од денот на склучување на договорот. Закупецот има обврска да плаќа надоместок за поставување на секое рекламно пано од пакетот на годишно ниво, комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, во висина утврдена со Одлука за висина на комунални такси во општината и надоместок за потрошена електрична енергија за светлечките рекламни паноа.

Од извршените детални тестирања, ревизијата констатираше дека на подрачјето на Општина Прилеп, 5 закупувачи имаат поставено рекламни самостоечки паноа на закупен простор по спроведени постапки од 2005-2014 година и рокот на склучените договори за издавање под закуп на просторот за поставување на рекламни паноа е истечен уште пред 4-8 години. Општината не презела мерки и активности закупувачите да ги отстранат рекламните паноа,

[13] Програма за техничките карактеристики, начинот и постапката на поставување на урбана опрема-рекламни самостоечки паноа во сообраќајни површини на општински патишта и улици на подрачјето на Општина Прилеп за период 2019-2023 година број 09-2276/13 од 28.06.2019 година
[14] Одлука за утврдување на надоместок за поставување на рекламни самостоечки паноа број 09-2276/4 од 26.06.2019 година

локациите да ги вратат во првобитна состојба и распишување на јавен оглас за спроведување на постапка за издавање под закуп на просторот за поставување на рекламните паноа. При тоа, врз основа на истечени договори се врши фактурирање на надоместокот за закуп на простор и комунална такса, без да се вкалкулира потрошокот на електрична енергија.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на член 5 став 3 од Одлуката[15] и член 5 став 1 од Програмата за поставување урбана опрема-рекламни самостоечки паноа и придонесуваат за несоодветен и субјективен начин на користење на просторот и непочитување на буџетското начело за транспарентност, придонесувајќи евидентираните задолженија и потрошени средства да не можат да се наплатат.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за доследно почитување на законските и подзаконски акти кои се однесуваат на постапката за поставување на урбана опрема билборди, рекламни самостоечки паноа на подрачјето на општината.

3.2.6. Општина Прилеп по основ на закупнина на општински имот во 2022 година, остварила приходи во износ од 1.211 илјади денари.

Начинот и постапката за користење и располагање со стварите, движни и недвижни, општината го регулира со Правилник[16] донесен од Советот на Општина Прилеп. Согласно Правилникот и Одлуката[17], општината во месец јануари и јули 2021 година по пат на електронско јавно наддавање спроведува постапка за издавање под закуп на недвижен имот.

Со увид во постапката и наплатата на приходите по основ на закупнината, ревизијата констатираше евидентирање на две физички лица кои користат недвижен имот по истечени договори на претходно спроведена постапка од 2018 година. По истекот на рокот утврден во договорот за издавање под закуп на недвижниот имот, закупувачите не го напуштиле просторот и продолжиле и понатаму да го користат плаќајќи ја закупнината утврдена со договорот. Ваквиот начин на управување со општинскиот имот не е во согласност одредбите на член 31 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите и не обезбедува подеднакви услови за

[15] Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и условите, начинот и постапката за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп број 09-1050/33 од 23.04.2021 година

[16] Правилник за измена и дополнување на правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите, давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на општина Прилеп број 09-2880/9 од 30.07.2018 година.

[17] Одлука за издавање под закуп на недвижен имот број 09-2621/34 од 22.10.2020 година

сите заинтересирани страни, придонесува за несоодветен и субјективен начин на користење на просторот и непочитување на буџетското начело за транспарентност што има влијание на помалку остварени приходи по овој основ.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за почитување на законските одредби кои се однесуваат на постапката за давање на користење на стварите во сопственост на општината.

3.2.7. За вршење на надлежностите утврдени со Закон за локалната самоуправа, Советот, согласно одредбите на член 26 од Статутот на Општина Прилеп донесува програми, одобрени со годишниот план на основниот буџет за финансирање на тие надлежности. Со увид во постапката на подготвување, донесување и реализација на Буџетот за 2022 година ревизијата ја утврди следната состојба:

- Општината не подготвува, а Советот не носи програма за активностите од областа на локалниот економски развој, образование, спорт и спортски манифестации, поддршка на здруженија на граѓани и граѓански организации, социјална и здравствена заштита, програма за јавна чистота, подигање и одржување на јавно зеленило и програма за родова еднаквост. Ваквиот начин на постапување не овозможува програмската класификација да се користи за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, контрола на наменско користење при извршувањето и изготвување на потребни анализи, извештаи, согласно одредбите на член 13 од Законот за буџетите.
- Отсуствува граѓанското учество како право во одлуките за креирање и реализирање на буџетот со цел да се посочат вистинските потреби и проблеми во заедница на општината, спротивно на одредбите на член 91 од Статутот на општината со кој е пропишано организирање на форуми во заедницата како форма на јавно учество на сите граѓани заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата и
- Веб страната на општината не е ажурирана, што упатува на недоволна транспарентност на локалната власт во јавното информирање за буџетскиот процес, реализираните активности и за обезбедените јавни услуги, што не е во согласност со одредбите на член 8 од Законот за

локалната самоуправа и член 3 од Законот за буџетите[18] каде транспарентноста подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на буџетот.

Утврдените слабости во планирањето, донесувањето и реализацијата на буџетот имаат за ефект буџетот да се заснова на буџетски политики, програми, потпрограми и проекти кој не се дефинирани со планските документи, а групирањето заедно на сите јавни услуги и активности низ организациската структура ја отежнува контролата на наменско користење на средствата.

Препорака:

Градоначалникот и Советот на општината, да преземат мерки и активности:

- буџетот да се заснова на подготвени и донесени програми во транспарента постапка на граѓанско учество со перспектива на родово одговорно буџетирање и
- ажурирање на веб страната како неопходна димензија за комуницирање со јавноста.

3.2.8. Со Правилникот[19] за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Прилеп е формирано Одделение за внатрешна ревизија, со систематизирани 5 работни места (раководител на одделение, внатрешен ревизор советник, ревизор виш соработник и 2 внатрешни ревизори на обука помлади соработници) кое за своето работење директно одговара пред секретарот на општината. Вака организационо поставена внатрешната ревизија не е во согласност со одредбите на член 33 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, која е организациски и функционално независна и директно и единствено одговорна на раководителот на субјектот од јавниот сектор.

Со извршениот увид на начинот на функционирање на внатрешната ревизија, утврдивме дека заклучно со 2022 година, од систематизираните 5 работни места пополнети се 3 работни места (виш соработник ревизор по овластување и 2 ревизори на обука). Во 2020 година, донесен е Стратешки план за внатрешната ревизија за период 2021 - 2023 година од градоначалникот, додека годишен план за 2022 година не е донесен и од страна на вработените во Одделението не е извршена ниту една ревизија. Стратешки и Годишен план како и план за поединечни ревизии до 2021 година е носен од градоначалникот на Општина Прилеп, што не е во согласност со одредбите на член 40 од Законот

[18] "Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21

[19] Број 01-46/1 од 09.01.2007 година и Измени и дополнувања на правилникот за систематизација 01-296/1 од 03.02.2021

за јавна внатрешна финансиска контрола, каде стратешкиот и годишниот план за извршување на внатрешна ревизија го донесува раководителот на единицата за внатрешна ревизија по добиена согласност од раководителот на субјектот, а за секоја поединечна ревизија истиот одобрува план и програма за ревизорските постапки.

Несоодветната организациона поставеност, не планирање на внатрешната ревизија, односно нефункционирањето на истата, не е во согласност со член 24 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и не овозможува исполнување на основната задача на внатрешната ревизија во насока на подобрување на работењето на субјектот и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности во насока на:

- соодветна организациона поставеност на единицата за внатрешна ревизија и нејзино екипирање со раководител на единицата и
- планирање на внатрешната ревизија согласно законот и реализација на годишниот план за ревизијата.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Обрнуваме внимание дека Општина Прилеп во 2022 година е тужена странка од 59 физички лица по основ надомест на штета од каснување на куче за долг од 6.758 илјади денари, од 6 лица за комунални услуги и штети од сообраќај за долг од 6.589 илјади денари, една тужба по основ за поврат на данок на промет со вредност од 108 илјади денари и парични побарувања од неостварени права по основ плата и надоместоци по Законот за работни односи[20] од 30 вработени во Општина Прилеп, за долг од 1.454 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на општината.

## 5. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на

[20] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21

општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

**Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата**

5.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

5.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот**

5.3. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Општина Прилеп и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во општините во Република Северна Македонија,

даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 13.03.2023 до 30.06.2023 година кај Општина Прилеп на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Прилеп, сметка на основен буџет (630), за 2015 година, во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Прилеп и утврди дека од дадените шест препораки ниту една препорака не е спроведена.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Прилеп, застапувано од:

- Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп од 27.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена

на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Прилеп врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции, намалување на Побарувањата и зголемување на Активните временски разграничувања за 5.579 илјади денари, што нема влијание на Билансот на состојба на ден.31.12.2022 година.

Корекциите се извршени на 16.06.2023 година во налог разно книжење бр.0001.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Прилеп одржан на ден 22.08.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од одговорното лице на Општина Прилеп не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 16-184/10 од 11.09.2023 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 ден.** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2022** | **2021** |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 234.642 | 206.351 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 8.484 | 8.084 |
| Капитални приходи | 3.3. | 71.469 | 66.540 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 137.088 | 143.188 |
| **Вкупно приходи** | | **451.683** | **424.163** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.5.1. | 68.889 | 63.471 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 2.469 | 2.104 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 119.448 | 93.015 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 3 | 11 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 108.694 | 114.598 |
| Социјални бенифиции | 3.5.6. | 4.054 | 1.789 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **303.557** | **274.988** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **119.623** | **127.408** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **6.946** | **9.143** |
| **Вкупно расходи** | | **430.126** | **411.539** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | 3.8. | **21.557** | **12.624** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2022 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 ден.** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2022** | **2021** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1, | 21.557 | 12.624 |
| Побарувања | 4.1.2. | 141.215 | 133.024 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 5.579 | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **168.351** | **145.648** |
| **Вкупна актива** | | **168.351** | **145.648** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | 5.579 | 4.830 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 162.772 | 140.818 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **168.351** | **145.648** |
| **Вкупна пасива** | | **168.351** | **145.648** |